*Датум: 12.12.2011, 15:25*

# Документарецот „Во срцето на Балканот“ прикажан на германската „Арте“



Документарниот филм „Во срцето на Балканот", германско - француската продукција MDR, во кој се прикажани природните вредности на националниот парк „Маврово" беше прикажан на германската телевизија „Арте" на 8-ми и 9-ти декември годинава, а ќе биде повторно прикажан и на 15-ти декември во 09:15 часот.

Во документарецот, главен акцент е ставен на балканскиот рис Марко, кој тимот на Македонското еколошко друштво го залови во март 2010 година и го следеше подолго време, благодарение на поставениот GPS оковратник, со цел да ја проучи неговата екологија.

Тема во овој документарен филм се прекуграничните заштитени подрачја и меѓуграничната соработка за заштита на овие подрачја и заштита на балканската популација на рисот.

Покрај филмот за природните вредности на НП „Маврово", продукцијата MDR изработила и документарен филм кој исто бил прикажан на „Арте" телевизија за преспанскиот басен, со акцент на Националниот парк „Галичица" и островот Голем град. Овој документарец е спроведен во соработка со интернационалниот тим за проучување на влекачите под раководство на МЕД.

Снимањето на филмот е реализирано во соработка со Македонското еколошко друштво, НП „Маврово" и Германската невладина организација „Еуронатур".

Филмот може да се погледне на следниов линк:
http://videos.arte.tv/de/videos/im_herzen_des_balkans-4297972.html.

Во моментов филмот е достапен само на германски и на француски јазик, а во текот на 2012 година се очекува и негова промоција во Скопје, на македонски јазик.

#